## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ “COLLECTION OF ESSAYS AND LITERARY CRITICISM ON AMERICAN AND BRITISH POST-MODERN INTERPRETATIONS“ („АМЕРИКАНСКИ И БРИТАНСКИ ПОСТМОДЕРНИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ: ИЗБОР НА ЕСЕИ И КРИТИКИ“) ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2402-18616 од 24.12.2013 година, на својата 98. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 24.12.2013 година, се избрани рецензенти:

– проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, УКИМ, Институт за фолклор, Скопје;

– доц. д-р Марија Кусевска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис за интерно електронско издаваштво, скрипта со наслов *“Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Post-modern Interpretations“* („Американски и британски постмодерни интерпретации: избор на есеи и критики“) од авторот доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, наменет за студентите од прв циклус студии (предмети: Поезија и Роман на 20 век) и втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и литература. По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот: Ракописот**, практикум со наслов “*Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Post-modern Interpretations“* („Американски и британски постмодерни интерпретации: избор на есеи и критики“) од авторот д-р Марија Емилија Кукубајска е избор на есеи и критики од странски автори, на англиски јазик, компатибилен преглед и додаток во Наставниот план и содржините на предметите по литература од прв и втор циклус студии. Предметите: Постмодерна американска литература, Постмодерна британска литература, Постколонијална литература, како и Англиска литература до 17 век (со корени на модернизмот) се изучуваат на втор циклус студии, литературна насока, Катедра за англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во прв и втор семестар, со фонд на часови: 2+2+0 и се вреднуваат со 8 кредити. Предметите од прв цилкус на студии: Поезија на 20 век и Романот на 20 век се изучуваат на прв и втор семестар, задолжителни, со фонд на часови: 2+2+0 се вреднуваат со по 6 кредити.

Податоци за обем на ракописот: Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Times New Roman, големина 12. Текстот содржи 270 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот теоретски дел. Трудот содржи 12 лекции, библиографија составена од книги, статии и интернет страници релевантни за предметот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: До сега не е објавен ваков или сличен рецензиран е-практикум. Ракописот претставува труд со селектирани есеи и критики за најкомплексниот и најконтроверзен период кој опфаќа теми и проблеми во американската и англиска историја и теорија на литературата – постмодернизмот, со споредби во однос на други европски автори. Ова е прв објавен избор на есеи и критики од оваа област во

нашата земја, која дава увид во нови толкувања на постмодернизмот, што дополнително го зголемува значењето на трудот и неговиот придонес во објективизизирање и дополнување во интерпетациите на постмодерните (и модерни) теми во книжевната мисла на 20 век.

**Кус опис на содржината:** При изработка на практикумот *Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Post-modern Interpretations* („Американски и британски постмодерни интерпретации: избор на есеи и критики“) со предговор, избор и уредување од д-р Марија Емилија Кукубајска, авторката ги имала предвид следниве цели: да ја подигне свесноста на студентите за потеклото, развојот и влијанијата на постмодерните концепти врз литературните дела на англоамериканската литература од 20 век, со преглед на влијанија од претходните векови; да ги подготви студентите да ги интерпетираат и анализираат делата со дополнителен интердисциплинарен метод во својата наставна практика; да ги подготви студентите по литература споредбено да ги анализираат постмодерните дела во контекст на современи и сложени дисциплини од филозофија, историја, социо-култура, уметност, мас-медиуми, лирика во поп-музиката, политика, религија и етика; да го развие интересот на студентите кон интердисциплинарни проучувања на ставови изразени во литературата кои резултираат од постмодерни експерименти за промена во стилот и жанрот на пишување. Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да разберат и толкуваат спротивставени и конфузни постмодерни ставови во литературните и лингвистички науки (од егзистенцијализам до деконструкција и граматологија), со што ќе им нуди можности за истражување на разликите меѓу предмодернизам, модернизам и постмодернизам. Преку селектираните содржини овој практикум овозможува студентот да се стекне со вешта критичка способност за согледување и на очигледните и на скриените пораки во постмодерната литература, култура и уметност кои имаат за цел да ги кршат историски востановените стандарди во пишување, создавање и толкување на литературата и уметноста (од Аристотел преку историјата на евроамериканското наследство) до постколонијални, мултикултурни, глобалистички и новодобски теми. Студентите ќе се стекнат со знаења и вештини за натамошни научно-стручни и книжевни истражување на идеите во постмодерната англоамериканска и споредбено светска литература, култура и уметност.

Практикумот содржи вовед од авторот и 12 поглавја, распределени во комплементарни примери низ есеи и критики од универзитетски професори, соработници и експерти од образовно-културни институции. Содржина по поглавја: 1. Postmodernism and related topics and movements (Посмодернизам и релевантни идеи и движења) дава историски преглед и развој на модернизмот во постмодернизам (од 19 век, преку Борхес и Тојнби), со разлики во афирмативниот и скептичен постмодернизам во книжевниот и уметнички израз, елементи и влијанија врз метанаративот во книжевниот текст и уметничката идеја, со одлики на постструктурализмот, постмодерната интерпретација (херменеутика) на делото, начини и причини за деконструкција во нарацијата на делото, феминистички и постколонијални теми во постмодерната литература, теорија и критика и уметничка мисла за и против постмодерните ирационални, неконзистентни, индивидуалистички, а противречно колективистички идеи во постмодернизмот. 2. From Modernism to Postmodernism (Од модернизам до постмодернизам), навлегува во детаљи за импресионизмот и субјективноста во опишување на светот, уметноста и литературата, во фрактура на формата, експресијата и нарацијата (со намерна или ненамерна, конфузија на хронологијата и стилот), минимизирање на естетиката, низ психологија, симболика, двосмисленост, апсурд, атеистички светоглед и културолошки диверзитет. 3. Postmodern Parameters (Постмодерни параметри) овозможува дополнителни истражувања на нарцисизам, нихилизам, надреализам утилитаризам, однос на религија и наука (спиритуализам), псевдонаука, постнормална наука, политика и социјално ангажирање за промена на мислата во постмодерниот наратив. 4. The Anthropology of the Cross as Alternative to the Post-modern Literary Criticism (Антропологија на крстот како алтернатива на постмодерната критика) ги дообјаснува сфаќањата за постмодернизмот како *постхолокауст* размислување за насилство, агресија, конфликт, жртвување и злосторство пренесени во мултикултурни книжевни и уметнички теми (пред Шекспир - до влијанија од грчката и индиска митологија и уметност и Новиот Завет, и по Шекспир – до 21 век), вклучувајќи прашања за жртвувањето (на Исус) како тема и анти-тема на постмодернистите

во културата и уметноста. 5. Why am I not a Postmodernist (Зошто не сум постмодернист) ги изнесува новите перцепции: антипросветителство, анти-Ајнштајн, антидемократичност, а пермисивност на еклектичност во литературата, културата и уметноста, дехуманизација поради наука-технологија или идеологија-политичност во литературата, театарот, културата и уметноста. 6. Postmodernism (Постмодернизам) мутација на идеи: модернизам-постмодернизам - од 1870 до перформатизам, хипермодернизам, алтермодернизам, дигимодернизам, со споредби во постмодерното творештво: Орхан Памук, David Antin, Charles Olson, John Cage, музика, видеоигри, филозофи, хипи поезија и проза, сајберпанк фикција и хипертекст фикција, нагласена темпорална дисторција, маѓесен реализам, паранојa, максимализам, минимализам и други перспективи на индивидуата и општеството преку постмодерниот израз. 7. Is it Definable: General Introduction to the Postmodern (Може ли да се дефинира: Општ вовед во постмодернизмот) опфаќа дополнителни теоретско-културни средства за интерпретирање на еклектизмот во посмодерните дела кои употребуваат референци од сите категоризирани книжевни и уметнички правци, преку сестрана референцијалност, темпоралност, нов историцизам, дезилузија, иронија, пародија, прогресивност, емпирија (од усна литература и култура, до ренесанса, реставрација/просветителство, романтизам, викторијански период, модернизам и постмодернизам, со клучни информации и синопсис за одбрани дела, како и илустрации од постмодерната поп/рок лирика. 8. Postmodernism and you - Alternative Criticism (Постмодернизмот и восприемачот - алтернативна критика), нуди увид во области од културата, уметноста и општеството во кои се проширил постмодерниот поглед на реалноста и од кои црпи теми за дифузија на нови, алтернативни интерпретации од авторите и развива критични студии за таа реалност одразена во литература, уметност, историја, образование, здравство, наука, психотерапија, религија, библија, правни и државни домени, како и атеистична и мистична критика, со објективни примери од реверсна нетолеранција, невклучителност (неинклузивност), расизам, феминизам, критика на разумот, антипрагматизам, дегенеративност во моралното поведение, пермисивност во сексуалната перверзија на ликовите, низ либерална ревизионистичка етика. Поглавјето дава примери за студиски инструкции по книжевно-уметничка анализа на постмодерни дела преку електронски дебати и блог – реакции на теми: културен и цивилизациски пад, порекнување на вистината и издигнување на антиумот (unreason). 9. Human Rights in a Postmodern Age (Човекови права во постмодернизмот), еволуција од теистичка до постмодерна антрополошка, антихуманистичка и дехуманизирана мисла, при што индивидуалниот идентитет е илузија, а моралните и културни вредности на човекот се арбитрарни, релативни, зависни од културниот конструкт и општествените уредувања, од владејачката *политичка коректност* и реторика; постмодерен антихуманизам и генетска технологија која манипулира со мултицелуларни креатури и со човекот – што е исто така предмет на постмодерната литература и уметност, филмски сценарија и сликарство, индуцирани со теми од генетски криминал, антиобјективност, банкротство на постмодерната мисла, парадоксална свест за неангажираност против културната тиранија и нетолеранција во име на толеранцијата кон „слободата“ да се менува светот (по филозофско/морални замисли, спрема кои поединецот во постмодернизмот противречно е прогласен за немоќен во однос на масите. 10. Comparing Views of Human Nature – Theism, Modernism and Postmodernism (Споредбени ставови за човековата природа – теизам, модернизам и постмодернизам) е поглавје кое предочува постмодерни ставови дека вистината за реален и рационален свет е релативна (како и во егзистенцијалистички, нихилистички влијанија врз мислата и бесмисленоста на книжевните и уметнички содржини), се отфрлаат универзалните трајни вредности, се креираат нови општествени вредности и субјективистички, релативистички и утилитарни перцепции на реалноста („она што е добро за мене“), интервју со д-р Стивен Хикс: постмодернизмот како интелектуално оправдување на социјалнизмот по неговата неодржливост во реалноста. 11. Postmodern Interdisciplinary Literary Theory and Culture (Постмодерна интердисциплинарна книжевна теорија, култура и уметност) цели да го стимулира споредбеното истражување на постмодерни теми поврзани со јудео-христијански вредности (од светската литература, култура и уметност). 12. Postmodern European Theory (Постмодерна европска теорија), содржи биографија на постмодерен теоретичар на литературата (Ф. Лиотар), влијанија

врз поп-културата и религиозните перцепции, колапс на „гранд наративот“ во романот, неможности да се одржи *сублиминалното* во литературата во време на култура на слика и информација, музички сцени, начини на комуникација на духовни вистини, пример на универзитетско организирање на лекција во постмодернизам и извадок од студентско размислување за постмодерниот нов концепт на утопија.

Во наведените поглавјата се дава анализа на постмодерната теоријата и критиката од аспект на нејзина примена во студиското толкување на книжевните дела и социокултуролошките услови за појава на постмодерната мисла; се наведуваат разликите во толкувања на комплексните дефиниции за постмодернизам; се даваат примери од книжевни и теоретски извори за истражување и препознавање на карактеристиките на постмодерната мисла и нарација; се посочуваат објективни насоки на студентите за информирана интердисциплинарна анализа на постмодерната книжевност, култура, уметност и критика.

Општа педагошка оценка на научните квалитети**:** Имајќи ги предвид горeизнесените факти, содржини и аргументи за издавање на практикумот изготвен од доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, како и врз основа на содржинската структура на трудот, богатиот обем, современиот споредбен стил и јазик кој е застапен, соодветноста со содржината на студиската програма од втор циклус, внимателно селектираната содржина и сестрано и објективно консултираната литература, како и недостатокот на вака темелно, непристрасно и ново претставување на постмодерните концепти применувани во литературата, културата и уметноста, Комисијата го предлага следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за практикум со наслов “*Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Post-modern Interpretations*“ („Американски и британски постмодерни интерпретации: избор на есеи и критики“) од доц. д-р Марија Емилија Кукубајска претставува ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Квалитетот, содржината, обемот и прегледноста даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел (анализа и критика) на книжевните дела предвидени во програмата на предметите кои авторот на ракописот ги предава на прв и втор циклус студии: 1. Постмодерна американска книжевност, 2. Постмодерна англиска книжевност, 3. Литература до 17 век, 4. Постколонијална литература и предметите од прв циклус на студии: 5. Поезија на 20 век и 6. Романот на 20 век, со вкупен број на 200 студенти.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на наведените предмети по литература застапени на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски практикум со избор на есеи и критики, а според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, практикумот со наслов “*Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Post-modern Interpretations*“ („Американски и британски постмодерни интерпретации: избор на есеи и критики“) од доц. д-р Марија Емилија Кукубајска да го прифати за печатење како електронска скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, УКИМ,**
**Институт за фолклор, Скопје, с.р.**
**Доц. д-р Марија Кусевска, Филолошки факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**